# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 130** **19 мај 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1704. | **Одлука** за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија........ | 2 |
| 1705. | **Одлука** за одобрување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје........ | 2 |
| 1706. | **Известување** од Комора на извршители на Република Северна Македонија........ | 2 |
| 1707. | **Правилник** за формата и содржината на обрасците на прекршочен платен налог........ | 2 |
| | **Огласен дел**........ | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1704.**

Врз основа на член 58 став (1) точка (3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20, 92/20, 100/20, 105/20, 107/20, 111/20, 119/20 и 125/20), во член 1, точките 3., 4. и 8 се бришат.

Точката 5. станува точка 3.

Член

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2416/13
19 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1705.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА МРЕЖНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ДРУШТВОТО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Со ова одлука се одобруваат Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија доставени од Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија од точка 1 од ова одлука да ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на ова одлука и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.

3. Ова одлука се доставува до ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

4. Се задолжуваат стручните служби на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија од точка 1 од ова одлука, во рок од осум дена од денот на донесувањето, да ги прикачат на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

5. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 11-669/3
14 мај 2020 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

# КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1706.**

Комората на извршители на Република Северна Македонија, согласно со член 74 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) го објавува следното

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Се известуваат граѓаните кои биле странки во предметите кои се водеа во канцеларијата на извршителот Благој Панов од Кочани, дека предметите ги презема извршителот Орце Гоцевски од Делчево, определен со Решение бр. 09-1092/2 од 25.2.2020 година на министерот за правда на РСМ за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево, со седиште на бул. Македонија бр. 45/5-14 во Делчево.

Бр. 03-286/1
13 мај 2020 година
Скопје

Комора на извршители на
Република Северна Македонија
Претседател,
**Зоран Димов**, с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**1707.**

Врз основа на член 40 став 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ број 101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до инфоемациите од јавен карактер, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за службеното лице кај имателот на информацијата е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог број 2 кој е составен дел на овој Правилник.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-244/1
15 мај 2020 година
Скопје

Директор,
**Пламенка Бојчева,** с.р.

Прилог бр. 1

Врз основа на член 47 став од Законот за прекршоци, а согласно член 38 и член 40 став (1) и (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Прекршочната Комисија при Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, издава:

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата)

Име и презиме ____________________

Адреса ____________________

Единствен матичен број на функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата

____________________

Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа ____________________

Податоци за правното лице:

Назив ____________________

Седиште ____________________

Единствен даночен број ____________________

Опис на прекршокот ____________________

____________________

____________________

Место и време на сторување на прекршокот ____________________

Правна квалификација на прекршокот ____________________

Записник за сторен прекршок ____________________

Да плати глоба во износ од _______ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на Буџет на Република Северна Македонија (Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер), НБРМ (банка на примачот), 100-0000000630-95 (трезорска сметка), 840*** (општина каде се уплаќа), 05813 (уплатна сметка), 722160 (приходна шифра и програма) со цел уплата на глоба по прекршочен платен налог број _______.

**Правна поука**: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршена уплата до Агенцијата. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, Агенцијата поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд. Против прекршочниот платен налог не е дозволена жалба.

**М.П.**

| | |
|---|---|
| ____________________<br>Име, презиме и потпис<br>на сторителот на прекршокот<br><br>(ако одбие да потпише – да се констатира) | ____________________<br>Име, презиме и потпис на<br>Претседателот / членот на<br>Прекршочната комисија<br>____________________ |

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Прилог бр. 2

Врз основа на член 47 став од Законот за прекршоци, а согласно член 39 и член 40 став (1) и (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Прекршочната Комисија при Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер издава:

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

(за службено лице кај имателот на информацијата)

Име и презиме ______________________________

Адреса ______________________________

Единствен матичен број на службеното лице во правното лице ______________________________

Адреса ______________________________

Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа ______________________________

Податоци за правното лице:

Назив ______________________________

Седиште ______________________________

Единствен даночен број ______________________________

Опис на прекршокот ______________________________

Место и време на сторување на прекршокот ______________________________

Правна квалификација на прекршокот ______________________________

Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) ______________________________

Записник за сторен прекршок ______________________________

Да плати глоба во износ од _________ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на Буџет на Република Северна Македонија (Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер), НБРМ (банка на примачот), 100-0000000630-95 (трезорска сметка), 840*** (општина каде се уплаќа), 05813 (уплатна сметка), 722160 (приходна шифра и програма) со цел уплата на глоба по прекршочен платен налог број _________.

**Правна поука**: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршена уплата до Агенцијата. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, Агенцијата поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд. Против прекршочниот платен налог не е дозволена жалба.

М.П.

| | |
|---|---|
| ______________________________<br>Име, презиме и потпис<br>на сторителот на прекршокот<br><br>(ако одбие да потшише – да се констатира) | ______________________________<br>Име, презиме и потпис на<br>Претседателот / членот на<br>Прекршочната комисија<br>______________________________ |

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622

2020130